Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08 - 174/2
29. 03. 2023 год.
ГРАДСКО

**ЗАПИСНИК**
**од 18-та седница на Советот на Општина Градско**
**одржана на ден 21.02.2023 година, со почеток во 18.00 часот**
**во салата на Општина Градско на следниот**

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Усвојување на Записникот од 17-та седница на Советот на Општина Градско.
2. Предлог- Завршна сметка на Буџетот на општина Градско за 2022 година.
3. Предлог- План и Програма за управување со отпад на општина Градско за период 2023- 2025 година.
4. Предлог- Финансиски план за 2023 година на ЈКП „Клепа“ Градско.
5. Предлог- Квартален финансиски извештај за период од 01.01.2022- 31.12.2022 година- четврт квартал на ЈКП „Клепа“ Градско.
6. Разгледувања на барања и поднесоци.
7. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Мирјана Ѓорѓиева.
Од 9 Советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Мирјана Ѓорѓиева, Цане Будимов, Даниел Мирчов, Тоше Петревски, Јованче Стојанов, Слободан Бошков, Маја Андовска, Боне Спасовски и Сеат Сулковиќ.
На седницата присуствуваше Градоначалникот на Општина Градско, Киро Нацков.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита дневниот ред и предложи истиот да биде дополнет со следните точки по следниот редослед:

6. Предлог Одлука за одредување на приоритетен проект за општина Градско (Подобрување на квалитетот на комуналните услуги преку набавка на специјализирано возило- Скип –комбинирана машина, ровокопач-натоварувач);
7. Предлог- Одлука за сопствено учество;
8. Предлог Одлука за одредување на приоритетен проект за општина Градско (Реконструкција на дел од улица 29-ти Ноември и дел од улица Панко Брашнаров);
9. Предлог- Одлука за сопствено учество;
10. Предлог- Одлука за сопствено учество;
11. Предлог- Одлука за кофинансирање на проект и
12. Предлог- Одлука за делегирање на надлежностите на општина Градско во областа на културата и туризмот.

Киро Нацков- дополнувањето на дневниот ред со наведените точки е поради тоа што денеска од страна на Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој објавен е Јавен повик за прибирање на предлог проекти за развој на урнабите подрачја и одржлив и урбан развој, развој на подрачја со специфични развојни потреби и за развој на селата од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година. За да може да аплицираме на повиците мора овие одлуки да поминат на совет. Што побрзо ги доставиме апликации имаме поголеми шански да ни ги одобрат бараните проекти.

Слободан Бошков- ако може да се додаде и Одлука за финансиска помош за настраданите во земјотресот во Турција и Сирија.
Киро Нацков- да може, имаме и насока од ЗЕЛС колку може општините да донираат.
Мирјана Ѓорѓиева- може да биде под точка разно, да се види колку може да се донира.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 18-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 17-та седница на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на Совет на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 17-та Седница на Совет на Општина Градско.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 17-та Седница на Совет на Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 17-та седница на Совет на Општина Градско.

*2.Завршна сметка на Буџетот на општина Градско за 2022 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Сумите се исти како и кварталниот извештај за 4 квартал. Реалните приходи изнесуваат 80.016.320,00 денари. Расходите се прикажани по програми, мора да постои баланс помеѓу приходите и расходите. Имаме висока реализација на буџетот.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Завршна сметка на Буџетот на општина Градско за 2022 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Завршна сметка на Буџетот на општина Градско за 2022 година.

*3.План и Програма за управување со отпад на општина Градско за период 2023- 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Планот и Програмата за управување со отпад на општина Градско за период 2023- 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Планот и Програмата за управување со отпад на општина Градско за период 2023- 2025 година.

*4.Финансиски план за 2023 година на ЈКП „Клепа" Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Ванчо Цветков, директор на ЈКП Клепа Градско. Финансискиот план треба да се носи еднаш годишно. Од Агенцијата за вработување ни бараат финансиски план за вработување за да може да се реализираат планираните вработувања согласно планот за вработување. Со овој план всушност потврдуваме дека имаме финансиски средства за реализација на планираните вработувања.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Финансискиот план за 2023 година на ЈКП „Клепа" Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Финансискиот план за 2023 година на ЈКП „Клепа" Градско.

*5.Квартален финансиски извештај за период од 01.01.2022- 31.12.2022 година- четврт квартал на ЈКП „Клепа" Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Јованче Стојанов- ова е веќе реализирано.

Ванчо Цветков- тоа што е планирано е реализирано.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2022- 31.12.2022 година- четврт квартал на ЈКП „Клепа" Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2022- 31.12.2022 година- четврт квартал на ЈКП „Клепа" Градско.

*6.Одлука за одредување на приоритетен проект за општина Градско (Подобрување на квалитетот на комуналните услуги преку набавка на специјализирано возило- Скип –комбинирана машина, ровокопач-натоварувач).*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за одредување на приоритетен проект за општина Градско (Подобрување на квалитетот на комуналните услуги преку набавка на специјализирано возило- Скип –комбинирана машина, ровокопач-натоварувач).

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за одредување на приоритетен проект за општина Градско (Подобрување на квалитетот на комуналните услуги преку набавка на специјализирано возило- Скип –комбинирана машина, ровокопач-натоварувач).

*7.Одлука за сопствено учество.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за сопствено учество.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за сопствено учество.

*8.Одлука за одредување на приоритетен проект за општина Градско (Реконструкција на дел од улица 29-ти Ноември и дел од улица Панко Брашнаров).*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за одредување на приоритетен проект за општина Градско (Реконструкција на дел од улица 29-ти Ноември и дел од улица Панко Брашнаров).

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за одредување на приоритетен проект за општина Градско (Реконструкција на дел од улица 29-ти Ноември и дел од улица Панко Брашнаров).

*9.Одлука за сопствено учество.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 9 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за сопствено учество.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за сопствено учество.

*10.Одлука за сопствено учество.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 10 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за сопствено учество.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за сопствено учество.

*11.Одлука за кофинансирање на проект.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 11 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за кофинансирање на проект.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за кофинансирање на проект.

*12.Одлука за делегирање на надлежностите на општина Градско во областа на културата и туризмот.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 12 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за делегирање на надлежностите на општина Градско во областа на културата и туризмот.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за делегирање на надлежностите на општина Градско во областа на културата и туризмот.

*13.Разгледувања на барања и поднесоци.*

а) Барање од Гоце Ѓошов од Градско за доделување на парична помош за новороденче.

По разгледување на приложените документи советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето на Гоце Ѓошов за исплата на парични средства во висина од 10.000,00 денари.

б) Барање од Енис Ука од Градско за доделување на парична помош за новороденче.

По разгледување на приложените документи советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето на Енис Ука за исплата на парични средства во висина од 10.000,00 денари.

в) Барање од ФК Тим Локомотива 2018 Градско за одобрување на финансиски средства за тековните активности на клубот.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето од ФК Тим Локомотива 2018 Градско.

г) Барање од Станка Јованова од Градско за доделување на парична помош, средства потребни за операција.

Сеат Сулковиќ- соседи сме, ги познавам луѓето, реално имаат потреба од помош.

Јованче Стојанов- до сега сме одобрувале средства за ваква намена, зошто не и сега.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето од Станка Јованова од Градско за одобрување на финансиски средства во рамки на можностите.

д) Барање од Исмета Дураковиќ од Градско за доделување на парична помош, средства потребни за операција.

Сеат Сулковиќ- реално има потреба од помош.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето од Исмета Дураковиќ од Градско за одобрување на финансиски средства во рамки на можностите.

*14.Разно.*

Киро Нацков- во врска со донирањето средства настраданите во земјотресот во Турција и Сирија да се договориме за сума.

По заедничка консултација со општинските служби, советниците едногласно донесоа Одлука да донираат средства во висина од 100.000,00 денари.

Боне Спасовски- прашање до градоначалникот, Стојмир Соколов прашува дали улицата на која што живее е ставена во приграмата за изградба.

Киро Нацков- реално според програмата што е донесена не се спомнати имињата на улиците што ќе се прават, ставена е само како бројка колку улици се планираат да се прават во текот на годината. До јуни може да се направи уште една улица, но немаме одлучено која, една во Ногаевци и во Водоврати 220м. Мое ветување е до крајот на мандатот да се направат сите улици во Виничани, а до крајот на оваа година четири улици.

Боне Спасовски- има реакција од луѓето тоалетот во амбулантата во Градско било заклучено, ако може да се реагира.

Киро Нацков- можам да се обратам со замолница, приватно е немам интеренции.

Боне Спасовски- поранешниот директор на комуналното кажа дека е решен проблемот кај продавницата кај Софро Стојменов, но не е така постојано извира вода, треба да се направи шахта.

Киро Нацков- значи не е направено, да се види што теба за да се санира проблемот.

Јованче Стојанов- под чија надлежност е улица 8-ми Септември, поточно борчињата што се насадени од надворешната страна кај Бошко Петрушев, нема никаква прегледност на раскрсницата. Тоа е од левата страна, а има насадено и од десната страна, да се реагира додека не се направило нешто несакано.

Тоше Петревски- и на други раскрсници има насадено и борчиња и шива ограда, нема никаква прегледност.

Сеат Сулковиќ- нака помине комунален инспектор или комунален редар нека се реагира. Повеќе пати реков да се реагира и кај Аце Коцев за приколките од камионите.

Маја Андовска- слушам дека има ангажирано нови жени за посета на стари и болни лица, дали се платени преку општината или преку министерството за труд и социјална политика.

Киро Нацков- тоа е преку проект на Далиборка од Велес односно Здужението за лица со церебрална парализа и дриги попречености, опфатени се општините Градско и Росоман. Треба да бидат вклучени 8 лица од општина Градско, 8 лица од општина Росоман и 1 стручно лице психолог.

Девет месеци ќе добиваат минимална плата преку проектот, а после тоа ќе бидат вработени преку Министерство за труд и социјална политика. Во моментот на обука одат 13 лица од кои после тоа ќе одберат 8 лица, обуката ја спроведуваат стручни лица, во селекцијата на лицата ќе биде вклучена и Далиборка.

Маја Андовска- дали тие лица што ќе бидат избрани ќе може да помагаат на лица како што се Станка Јованова, Исмета Дураковиќ и на други лица на кои им е потребна помош.

Киро Нацков- да, лицата веќе се на терен и помагаат каде што има потреба, дел од лицата што ќе ги одберат ќе бидат ангажирани на терен по куќите, а дел во двете куќи каде се сместени лицата со посебни потреби. Ќе добијат список со лица каде треба да помагаат, односно кои лица треба да бидат посетени.

Сеат Сулковиќ- кога ќе почне со реализација на улицата во село Водоврати.

Киро Нацков- реално втората половина на месец Март.

Маја Андовска- има реакција од граѓаните во врска со Вардар АД Градско, таму каде што копаа покрај патот кај надвозникот оставено е како рид, да се зарамни.

Боне Спасовски- кај чешмата во Виничани има многу суви гранки да се исчисти ако може.

Киро Нацков- има околу 70 ситуации каде што треба да се кастри. Тие што се надвор од дворовите може, но ако е во дворот ќе треба согласност од сопствениците.

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред, Претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори 18-та седница во 19.30 часот.

Записник водел:
Мери Седмакова Димовска

Претседател
на Совет на Општина Градско
Мирјана Ѓорѓиева